**ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРОЕКТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
(ИБРД 9038МК)
ИДЕНТИФИКАЦИСКИ БРОЈ НА ПРОЕКТ : P149990
**MK-MOF-007-2023-CS-CQS**

**ТЕХНИЧКА ПОМОШ: НАДЗОР НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ ЗА ЗАМЕНА НА СИСТЕМ ЗА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЛОЗОВО, РАНКОВЦЕ И ДЕБРЦА**

Владата на Република Северна Македонија доби заеми од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за имплементација на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор. Целите за развој на проектот се: (i) намалување на потрошувачката на енергија во општинскиот сектор; и (ii) го поддржуваат развојот и спроведувањето на одржлив механизам за финансирање на енергетската ефикасност во јавниот сектор. Проектот има за цел да ги постигне овие цели преку овозможување инвестиции во згради во општинска и (централна) влада и употреба на обновливи извори на енергија. Во согласност со условите од договорот има намера дел од средствата да ги насочи за обезбедување на техничка помош за надзор на градежни работи за замена на систем за јавно осветлување во Општина Лозово, Ранковце и Дебрца.

Консултантските услуги вклучуваат консултантот да изврши надзор на градежни работи за Замена на систем за јавно осветлување во Општина Лозово, Ранковце и Дебрца, и надзор на управување за време на гарантен период. Подетални информации во однос на потребните квалификации може да се најдат на следниот линк: https://finance.gov.mk/proekt_za_energetska_efikasnost/.

Министерството за финансии ги повикува квалификуваните консултантски фирми ("консултанти") да искажат интерес за обезбедување на услуги. Заинтересираните консултанти треба да достават информации со кои ќе докажат дека ги поседуваат потребните квалификации и релевантно искуство за извршување на услугите. Компанијата треба да ги поседува и исполнува следниве квалификации:

*Искуство и квалификации на консултантот:*

*1) Професионална способност на консултантот*

- Правното лице мора да поседува важечка лиценца Б за надзор издадена од Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија / во случај на Заедничко Вложување, најмалку еден од членовите во Заедничко Вложување мора да поседува важечка лиценца Б за надзор издадена од Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

- Најмалку 20 постојано вработени кои работат кај консултантот, потврдени од официјална институција во Република Северна Македонија.

Работата треба да ја преземе консултантски тим составен од експерти со потребните вештини и квалификации наведени во ТоР-от. Тимот ќе се состои од минимум 5 клучни експерти вработени од Консултантот.

*2) Општо и Специфично искуство на Консултантот*

*2.1 Општо искуство на Консултантот:*

Консултантот треба да ја докаже неговата способност и адекватност, односно да го докаже неговото општо искуство како Надзор на градежни работи, во последните 5 години до крајниот рок за поднесување, со доставување на референтна листа.

*2.2 Специфично искуство на Консултантот*

Консултантот мора да приложи референтна листа за успешно завршени најмалку 3 договори за услуги за надзор на реконструкција/изградба/замена на јавно осветлување во последните 5 години.

*3. Потребни сертификати за исполнување на следните стандарди:*

- ISO 9001: 2018
- ISO 14001: 2015
- ISO 45001:2015

Консултантите може да се здружуваат со други фирми во форма на заедничко вложување или како под-консултанти за да ги подобрат своите квалификации. „Здружението“ може да има форма на заедничко вложување или под-консултантска куќа. Во случај на заедничко вложување (ЗВ), сите членови на ЗВ ќе бидат оценети заеднички за целите на кратката листа и ќе бидат заеднички и поединечно одговорни за задачите и ќе го потпишат договорот во случај на доделување на заедничкото вложување(ЗВ). Заинтересираните консултанти треба јасно да ја наведат структурата на нивното „здружение“ и должностите на партнерите и под-консултантите во нивната апликација. Нејасното изразување на интереси во смисла на „во соработка со“ и/или „во врска со“ и слично не може и нема да се земе во предвид за кратката листа. Задржувајќи го еден израз на интерес по фирма како принцип, консултантската фирма може да одлучи дали сака да учествува како под-консултант или како индивидуален консултант или како партнер во заедничко вложување (ЗВ). Ве молиме имајте предвид дека фирмата ќе поднесе само еден израз на интерес во истиот процес на селекција или поединечно како консултант или како партнер во заедничко вложување. Ниту една фирма не може да биде под-консултант додека поднесува израз на интереси поединечно или како партнер во заедничко вложување (ЗВ) во истиот процес на селекција. Фирмата, доколку дејствува во својство на под-консултант со кој било консултант или заедничко вложување (ЗВ), може да учествува со повеќе од еден консултант, но само во својство на под-консултант.

Дополнителни информации можат да се добијат на адресата којашто е наведена подолу во текот на работното време од 8:30-16:30 часот, од понеделник до петок.

Изразувањето на интерес треба да се достави во пишана форма на адресата којашто е наведена подолу (лично, по пошта, или e-mail) најдоцна до **03 Ноември 2023 година 16:30 часот**.


Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор
Ул. Даме Груев, бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

До г-а Татјана Величковиќ, ПСЕЕП-ЕИП
Тел/факс: ++ 389 2 3120352
tatjana.velichkovik@finance.gov.mk